На основа на член 6 и 7 од Статутот на конвивиум, Националниот совет на „Слоу Фуд Македонија“ на седницата одржана на ден 04.02.2008 година во Скопје го донесе, а на годишното собрание на НС одржано на ден 10.05.2026 го измени следниот:

ПРАВИЛНИК ЗА ЧЛЕНУВАЊЕ ВО СЛОУ ФУД

ГЛАВА I:
ОПШТИ ОДРЕДБИ

Предмет на Правилникот
Член 1

(1) Со овој Правилник се уредуваат условите, начинот и постапката за стекнување, обновување и престанок на членството во Слоу Фуд Македонија (во понатамошниот текст: Национална организација).

(2) Предмет на овој Правилник се и правата, обврските и придобивките на членовите, категориите на членство, висината и начинот на плаќање на членарината, како и административната евиденција на членството во рамките на локалните конвивиуми и Националната организација.

(3) Одредбите од овој Правилник се засновани на Статутот на Слоу Фуд Македонија, Протоколите за основање на локалните конвивиуми и се во согласност со принципите на меѓународната организација Slow Food International.

Организациска структура и статус на членството
Член 2

(1) Националната организација Слоу Фуд Македонија е составена од Слоу Фуд конвивиуми кои делуваат на територијата на Република Македонија. Секој конвивиум пристапува кон Националната организација со потпишување на „Протокол за конвивиум“, со што се обврзува на почитување на актите на Националната организација и меѓународните принципи на движењето Слоу Фуд.

(2) Како движење засновано на грасрут иницијативи, секое физичко лице при зачленувањето избира конкретен локален конвивиум, како примарна заедница преку која директно ги остварува своите права, активности и влијание во рамките на организацијата.

(3) Националната организација е активна членка на меѓународната организација Slow Food International, која е фондација заснована на учество. Меѓусебните односи, права и обврски се уредуваат со договор кој се обновува на годишно ниво, вклучително и обврската за плаќање годишна членарина кон меѓународната организација.

(4) Со стекнување статус на член во Националната организација Слоу Фуд Македонија, лицето истовремено се стекнува и со статус на член на Slow Food International.
(5) Доказот за статусот и начинот на остварување на правата и поволностите од ставовите (3) и (4) на овој член се уредуваат со издавање на соодветни членски картички.

Значење на поимите

Член 3

Конвивиум (con vivere = да се живее заедно) - локални ограноци на Слоу Фуд кон кои пристапуваат членовите на Слоу Фуд. Автономни групи кои претставуваат градивни клетки на мрежата на организацијата. Членовите играат директна и активна улога во ваквите ограноци заживувајќи ја во пракса филозофијата на Слоу Фуд на локално ниво и помагајќи ја промената на глобалниот систем на храна, истовремено станувајќи дел од меѓународната мрежа на истомисленици. Слоу Фуд конвивиумите може да бидат организациони единици без својство на правно лице или здруженија на граѓани.

Грасрут (Grassroots) иницијатива – форма на самоорганизирање на локалната заедница преку која членовите преземаат колективни активности и одговорност за поттикнување на промени. Овие иницијативи се карактеризираат со демократско одлучување „одоздола нагоре“ (*bottom-up*) и се основа за воспоставување на конвивиумите како автентични и спонтани структури на делување во рамките на Слоу Фуд.

ГЛАВА II: УСЛОВИ И КАТЕГОРИИ ЗА ЧЛЕНУВАЊЕ ВО СЛОУ ФУД

Зачленување во Слоу Фуд

Член 4

(1) Член на Слоу Фуд во Македонија може да стане секој граѓанин на Република Северна Македонија.
(2) Член на Слоу Фуд во Македонија може да биде и државјанин на друга земја, кој во Република Северна Македонија не сторил прекршок против нејзиниот суверенитет, интегритет или на друг начин и наштетил или ги загрозил нејзините интереси.
(3) Член на Слоу Фуд не може да стане лице кое било претходно исклучено од Слоу Фуд заради причини наведени во член 3 од овој Правилник.

Член 5

(1) Статусот на член на Националната организација се започнува со пополнување на пристапница и избор на локален конвивиум, а се смета за комплетиран со уплата на предвидената годишна членарина за соодветниот вид членство во рок од 30 (триесет) дена од денот на аплицирањето.
(2) Статусот на член се смета за формално стекнат и комплетиран во моментот на евидентирање на уплатата на годишната членарина во Националната организација.
(3) Членството има важност од точно една календарска година, сметано од денот на извршената и евидентирана уплата.

Обновување на членство

Член 6

(1) Секој член е должен да го обнови своето членство за наредната календарска година со навремена уплата на пропишаната членарина, при што членството се продолжува по автоматизам без обврска за пополнување на нова пристапница.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, членот е должен да поднесе нова пристапница до матичниот конвивиум или до Националната организација само доколку има промена во неговите лични податоци или контакт информации.

(3) Административното внесување на податоците во активната база на членови за тековната година го врши лидерот на локалниот конвивиум или овластените вработени во Националната организација.

(4) Доколку членот не ја подмири годишната членарина во дополнителен рок од 30 (триесет) дена по истекот на претходното членство, неговиот статус во базата се прекинува и лицето се смета за неактивен член.

Престанок на членство

Член 7

(1) Статусот на член во Слоу Фуд престанува во следните случаи:

1. Неплаќање на членарина – По автоматизам, се исклучуваат од активно членство, членовите кои не ја платиле членаринаата за наредната година по истекот на рокот од 30 дена по завршувањето на едногодишното членство. Членувањето во Слоу Фуд може да биде обновено со повторување на целосната постапка за првично зачленување согласно Член 3 од овој Правилник;
2. Предвремено исклучување по сопствена желба (со давање на изјава);
3. Делување спротивно на: Статут на конвивиум, Статут на „Слоу Фуд Македонија“, Статут на меѓународната организација Слоу Фуд и сите правилници на организацијата;
4. Непочитување или прекршување на одлуките донесени од страна на органите на конвивиумот, како и од Националниот одбор и Националниот совет на „Слоу Фуд Македонија“.
5. Нарушување на јавниот углед и интегритет на Слоу Фуд во Македонија - делување против активностите на Слоу Фуд, ширење невистини за работата на националната организација и/или нејзините органи;
6. Свесно поттикнување конфликти, нетрпеливост и деструктивно однесување кое го оневозможува нормалното функционирање на локалните конвивиуми и го нарушува единството на заедницата.
7. Изнесување јавни клевети, навреди и ширење невистини или дезинформации кои можат да му наштетат на личниот интегритет, угледот и достоинството на друг член;
8. Злоупотреба на каналите за комуникација на Слоу Фуд за лични пресметки или промовирање содржини спротивни на етичкиот кодекс на организацијата.

(2) Во случаите 3, 4, 5, 6, 7, и 8 Управниот одбор на конвивиумот или Националниот одбор поднесува предлог за исклучување на членот до Националниот совет. Членот има право да

присуствува на седницата на НС на која ќе се расправа предлогот за негово исклучување и да го искаже своето мислење по поднесениот предлог. Одлуката на Националниот совет е конечна.

(3) Доколку Националниот совет донесе одлука за исклучување, од причини од точка 3, 4, 5, 6, 7 и 8 од овој член, членувањето не може да биде обновено.
Во случај Националниот совет да го одбие предлогот за исклучување, членот има право да го продолжи членувањето и сите придобивки кои ги овозможува членството.

(4) Доколку од Слоу Фуд треба да се исклучи Лидер на конвивиум или член на Управен одбор на конвивиум, со одлуката за исклучување од членство, престанува и неговата функција во органите на конвивиумот и сите овластувања и надлежности кои произлегуваат од истата. Доколку се исклучува Лидер на конвивиум, по автоматизам престанува и неговото членување во Националниот совет на „Слоу Фуд Македонија“.

(5) Во случај на исклучување на член на Национален одбор, одлуката за негово разрешување се донесува од страна на Националниот совет, со која истовремено се исклучува од членување во Слоу Фуд.

Видови на членство

Член 8

Видовите на членство кои се достапни во Слоу Фуд Македонија се:

1. **Младинско членство** – наменето за млади (средношколци, студенти, активисти, волонтери итн) со возраст до 30 години. Овој тип членство има две подкатегории:
   - Млади од 14 до 18 години. Во согласност со македонското законодавство малолетно лице, може да се зачлени во организацијата со поднесување на потпишана Пристапница, кон која задолжително се приложува Изјава (даден како Прилог 1 на овој Правилник) за согласност од неговиот законски застапник (родител или старател).
   - Млади од 18 до 30 години. При зачленувањето се приложува документ за идентификација.
2. **Индивидуално членство** – наменето за возрасни лица кои ја поддржуваат каузата и филозофијата на Слоу Фуд
3. **Семејно членство** - наменето за семејства (2 возрасни лица + малолетни деца) кои ја поддржуваат каузата и филозофијата на Слоу Фуд
4. **Деловно членство** – наменето за возрасни лица кои водат мал семеен бизнис на производство, преработка и/или дистрибуција на храна и пијалоци (производители, готвачи, угостители) во согласност со филозофијата на Слоу Фуд. Со оваа картичка се овозможуваат дополнителни придобивки од страна на Слоу Фуд Македонија.
5. **Почесен член** - се доделува од страна на Слоу Фуд Македонија на долгогодишни членови како и на лица и јавни личности кои имаат посебни заслуги и придонес во организацијата. Оваа членска картичка се доделува еднократно.

Доказ за статус и членска картичка

Член 9

(1) Секој член на Слоу Фуд Македонија добива електронска членска картичка, која служи како официјален доказ за неговиот статус и активна припадност кон организацијата.

(2) Членската картичка ја издава Сервисот за членство на Слоу Фуд Македонија, во рок од 30 дена по евидентираната уплата на годишната членарина и истата е со важност од една календарска година.

(3) На членската картичка има лични податоци за носителот. Картичката задолжително треба да содржи:

- Име и презиме на членот (односно имињата на сите корисници доколку станува збор за семејна членска картичка);
- Број на членска картичка;
- Име на конвивиумот во кој се членува;
- Датум на истек на членство;
- Тип на картичка (членство).

(4) Секој член е носител на електронски членски картички од Слоу Фуд Македонија и од Slow Food International, со што ги остварува предвидените права и поволности на локално, национално и меѓународно ниво.

Висина на членарина

Член 10

(1) Секој член на Слоу Фуд Македонија е должен редовно да ја подмирува годишната членарина согласно категоријата на своето членство.

(2) Уплатата на членарина се врши со директна уплата на сметката за членство на Слоу Фуд Македонија или во готовина кај секретарот на локалниот конвивиум.

(3) Висината на годишната членарина за сите категории на членство (младинско, индивидуално, семејно и деловно) е утврдена во Анекс 1, кој претставува неизоставен дел на овој Правилник.

(4) Измена на висината на членаринатa се врши со одлука на Националниот совет, по предлог на Националниот одбор, преку дополнување на Анекс 1 од овој Правилник.

Членство од редот на поддржувачите – „Пријатели на Слоу Фуд“

Член 11

(1) Програмата „Пријатели на Слоу Фуд“ е наменета за правни субјекти кои ја поддржуваат филозофијата на движењето и сакаат активно да придонесат кон мисијата на Националната организација.

(2) Зачленувањето во оваа категорија се врши со пополнување на пристапница за правни лица и уплата на годишен надоместок, чија висина е утврдена во Анекс 1 и зависи од големината на субјектот:

a. Микро претпријатија (до 5 вработени): добиваат пакет од 1 (една) Бенефит картичка и 2 (две) Индивидуални картички;
b. Микро претпријатија (до 10 вработени): добиваат пакет од 1 (една) Бенефит картичка и 5 (пет) Индивидуални картички;

c. Мали претпријатија (до 50 вработени): добиваат пакет од 1 (една) Бенефит картичка и 10 (десет) Индивидуални картички.

(3) Поединечните картички од пакетите во ставот (2) се издаваат на име на физички лица (вработени или соработници) номинирани од страна на правниот субјект, при што нивните податоци задолжително се внесуваат во активната база на членови на Слоу Фуд Македонија.

(4) Носителите на индивидуалните картички од пакетите во ставот (2) ги уживаат сите права и придобивки на редовен член согласно овој Правилник.

(5) Членството во програмата „Пријатели на Слоу Фуд“ важи една година од денот на уплатата и може да се продолжи под истите услови предвидени за редовното членство.

ГЛАВА III: ПРАВА, ОБВРСКИ И ПРИДОБИВКИ ОД ЧЛЕНСТВОТО

Права и обврски на членовите

Член 12

(1) Членовите на Слоу Фуд ги имаат следните права:

- активно да се вклучат со свои идеи и да преземат задачи во реализацијата на активностите на конвивиумот;
- да бидат информирани за начинот на трошење на средствата собрани од членаринатa - со уплатената чланарина придонесуваат во реализацијата на програмските определби на Слоу Фуд на локално, национално и меѓународно ниво;
- да учествуваат на Собранието на членови и да придонесат за креирање на програмата и активностите на конвивиумот и во градењето на локалната заедница;
- да избираат и да бидат избрани на некоја функција во конвивиумот или како делегати на Националниот конгрес.

(2) Членовите ги имаат следните обврски:

- да ги почитуваат и промовираат основните принципи на филозофијата на Слоу Фуд и визијата и мисијата на мрежата;
- да ја унапредуваат и активно да учествуваат во работата на конвивиумот;
- да го прифатат и почитуваат Статутот;
- да го почитуваат и заштитуваат името и логото на Слоу Фуд;
- да плаќаат годишна членарина.

Придобивки од членувањето

Член 13

(1) Со стекнување на статус на активен член, секој член ги остварува следните генерални придобивки:

- Редовно информирање за сите активности на конвивиумот, националната и глобалната мрежа на Слоу Фуд;
- Можност да учествуваат на локални, национални и меѓународни настани по поволности наменети за членовите;

- Едукативни програми, обуки, курсеви организирани од страна на Слоу Фуд - бесплатно или по пониски цени
- Бесплатен влез на национални настани во организација на Слоу Фуд Македонија;
- Попусти при купување производи од членови вклучени во мрежата на Слоу Фуд; (индивидуални производители, СФ гостилници, Slow Wine винарии, Слоу Фуд фарми, агротуристички сместувања кои се дел од Слоу Фуд травел дестинација итн.)
- Попусти при набавка на официјални изданија и брендирани предмети на Слоу Фуд;

(2) Обемот и начинот на користење на придобивките од ставот (1) на овој член може дополнително да бидат прецизирани со одлука на Националниот одбор, во зависност од спецификите на конкретните настани или соработки.

Придобивки од членувањето во посебните категории

Член 14

(1) Членовите со индивидуално, семејно и младинско членство ги имаат придобивките од член 13.

(2) Членовите со деловно членство, ги имаат придобивките од член 13, а дополнително и придобивките наведени подолу во овој став:

-Вклучување во база на производители;

-Попуст за штанд на национален настан (Слоу Фуд Салон);

-Вклучување во мобилна апликација;

-Најмалку една статија во медиум(и);

-Најмалку една објава на социјални мрежи на СФМК;

-Редовно информирање за можности за финансирање и поддршка на бизнисите;

-Консалтинг услуги, совети и препораки.

(3) Членовите со почесно членство, ги имаат придобивките од член 13, а дополнително и придобивките наведени подолу во овој став:

- Ексклузивна покана за специјално организирани настани наменети единствено за членството;
- Редовно ги добиваат сите печатени публикации на Слоу Фуд Македонија.

Информираност и отчетност

Член 15

(1) Секој активен член има право на увид во работењето на организацијата преку системот на редовно годишно известување на локално и на национално ниво.

(2) На ниво на локален конвивиум, отчетноста се реализира на следниот начин:

1. Членот учествува на годишното Собрание на членови (на конвивиумот), каде се разгледуваат и одобруваат годишниот извештај за активности и финансискиот извештај подготвени од Управниот одбор;
2. По нивното одобрување, извештаите се објавуваат на интернет страницата на конвивиумот и се доставуваат до секој член по електронски пат.

(3) На ниво на Национална организација, отчетноста се реализира на следниот начин:

1. Годишниот извештај за активности и финансискиот извештај за работата на Слоу Фуд Македонија се разгледуваат и одобруваат од страна на Националниот совет, каде членовите на конвивиумот се претставувани од својот лидер;
2. По нивното усвојување, националниот извештај се објавува на официјалната интернет страница на организацијата и се доставуваат до сите членови.

Прибирање на средства од членаринатa

Член 16

(1) Средствата собрани од годишните членарини се наменети за поддршка на мисијата и програмските активности на Слоу Фуд на локално, национално и меѓународно ниво.
(2) Сите средства од членарини собрани на ниво на конвивиум (безготовински или готовински), задолжително се префрлаат на наменската жиро-сметка за членство на Националната организација Слоу Фуд Македонија, најдоцна до крајот на тековниот месец во кој се прибрани.
(3) При прибирање на членарина во готово, лидерот на конвивиумот е должен за секоја поединечна уплата да издаде образец „Каса прими“. Паралелно со уплатата на средствата кон Националната организација, лидерот доставува и Список на инкасирана членарина (Прилог 2), кој содржи: име и презиме на членот, контакт од членот и категорија на членство.

Распределба на добиените средства од членаринатa

Член 17

(1) Со цел јакнење на локалните заедници и грасрут принципите, Слоу Фуд Македонија врши распределба на вкупно собраните средства од членарина во сооднос 50:50, при што:
   - 50% од износот се задржуваат во Националната организација за покривање на обврските кон Slow Food International и националните програмски активности тесно поврзани со членството;
   - 50% од износот се пренасочуваат (поврат) кон матичниот конвивиум за поддршка на неговата локална програма и цели.

(2) Националната организација по правило го врши преносот на одобрените средства во првиот квартал од наредната календарска година, по завршување на годишното порамнување на вкупно собраните членарини за претходната календарска година.
(3) По исклучок, конвивиумот има право да побара предвремен поврат на средствата од моментално собраната членарина, што може да се оствари под следните услови:
   - Поднесено писмено барање за користење на средствата до Националниот одбор на Слоу Фуд Македонија;
   - Средствата да се побаруваат за конкретни активности (административни редовни обврски, годишно собрание, локални настани или слични оперативни трошоци) поврзани со реализација на целите на организацијата.

Почесни членови на Слоу Фуд

Член 18

(1) Процесот на номинација за почесни членови на Слоу Фуд се спроведува на секои 4 години, пред одржување на Конгрес на СФМК.
(2) Почесните членови на Слоу Фуд се предлагаат на седница на Собранието на конвивиумот или на Управен одбор на конвивиумот, членовите на Националниот одбор или координатор на секција со писмен предлог и поддршка од најмалку три членови до Националниот совет кој ги разгледува и одобрува или отфрла предлозите.
(3) Критериумите се пропишуваат од страна на Националниот совет со конкретни насоки за оценувањето на предлозите.
(4) Главни критериуми за почесни членови се:
    - Долгогодишен член на СФМК со несомнен личен придонес за Слоу Фуд;
    - Истакнат поддржувач или јавна личност кој преку својот професионален ангажман и општествено влијание дал особен придонес за каузата и развојот на организацијата.
(5) Почесните членови не ја плаќаат годишната членарина.
(6) Почесните членови добиваат посебна значка и ги уживаат сите придобивки како и другите членови и редовно ги добиваат сите публикации на Слоу Фуд Македонија.

Заштита на податоци

Член 19

Официјална база за податоци на членови на Слоу Фуд од целиот свет се води во седиштето на Слоу Фуд во Бра, Италија, која е управувана од сервисот за услуги за членови. На национално ниво, таква база поседува и Слоу Фуд Македонија во својата канцеларија.

Личните податоци на членовите се заштитени согласно Закон за заштита на личните податоци (Службен весник на Република Македонија“ бр,42/20, 294/21 и 101/25)

Завршни одредби

Член 20

Толкување на одредбите од Правилникот има Националниот совет на „Слоу Фуд Македонија“. Измените и дополнувањето на Правилникот се донесуваат единствено од страна на Националниот совет на „Слоу Фуд Македонија“ по предлог на Лидер на конвивиумот, поткрепен со записник од Собрание на членови на конивиумот или на предлог на Националниот одбор.

Издание 3

Овој Правилник е донесен на седницата на Националниот совет на „Слоу Фуд Македонија“ одржана на ден 10.05.2026 година и стапува на сила веднаш.

Анекс 1
Висина на членарина

Висината на членаринатa за една година изнесува:

Вид на членство	Опис	Висина на членарина
Младинско членство (зелена картичка)	Лица од 14 до 18 години	Бесплатно членство
Младинско членство (зелена картичка)	Лица од и заклучно со 18 години - до и заклучно со 30 години возраст	300 денари
Индивидуално членство (темно розова картичка)	Лица над 30 години возраст	600 денари
Семејно членство (сина картичка)	Родители/старатели и малолетни деца до 18 години	1.200 денари
Деловно членство (виолетова картичка)	Лица кои водат мал семеен бизнис во согласност со филозофијата на Слоу Фуд*	1.800 денари
Почесен член (жолта картичка)	Се доделува со одлука од Слоу Фуд Македонија, на долгогодишни членови како и на лица и јавни личности кои имаат посебни заслуги и придонес во организацијата	Не се плаќа членарина и се доделува еднократно

Висината за членство од редот на поддржувачите од програмата „Пријатели на Слоу Фуд“

Вид на членство (пакет)	Опис	Висина на членарина
1 Деловна картичка и 2 Индивидуални картички	Микро претпријатија (до 5 вработени)	6.000 денари
1 Деловна картичка и 5 Индивидуални картички	Микро претпријатија (до 10 вработени)	9.000 денари
1 Деловна картичка и 10 Индивидуални картички	Мали претпријатија (до 50 вработени)	12.000 денари

Анекс 2

ИЗЈАВА ЗА СОГЛАСНОСТ

за зачленување на малолетно лице во здружението Слоу Фуд Македонија

Јас, _____
(име и презиме на родителот/законскиот застапник)
со ЕМБГ _____, со адреса на живеење на
ул._____ во _____, во својство на законски застапник (родител/старател) на малолетното лице:

_____
(име и презиме на малолетното лице)
родено на ден _____ година, со ЕМБГ _____,

Д А В А М С О Г Л А С Н О С Т

Горепосоченото малолетно лице, кое има наполнето 14 години, да стане член на здружението **Слоу Фуд Македонија** и да партиципира во активностите на локалниот конвивиум _____.

Со оваа изјава потврдувам дека:

1. Сум запознаен/а со статутот и целите на здружението и се согласувам моето дете/штетеник да учествува во неговите активности;
2. Давам согласност горенаведените лични податоци да бидат внесени во базата на членство на Слоу Фуд Македонија и Slow Food International и користени исклучиво за потребите на членството;
3. Се согласувам моето дете/штетеник да добива информации поврзани со активностите на организацијата на својата e-mail адреса или преку други средства за комуникација.

Оваа изјава се дава согласно Законот за здруженија и фондации и служи како задолжителен прилог кон Пристапницата за членство бр. _____.

Датум: _____ **Потпис на законскиот застапник:**

Место: _____ _____

Оваа **Изјава за согласност** е правно усогласена со македонското законодавство (Законот за здруженија и фондации и Законот за семејство), каде малолетник со наполнети 14 години (постапно деловно способно лице) може да биде член на здружение со претходна согласност од родител/старател.

Возраста: Согласно законот, лицата од 14 до 18 години сами ја потпишуваат пристапницата, но оваа изјава од родител е **задолжителен прилог**.

Документација: Добро е да побарате копија од извод на родените за малолетникот (само за увид) за да се потврди врската со застапникот.

Архива: Оваа изјава се чува трајно во архивата на здружението заедно со пристапницата на членот.